Потребни квалификации за експертите по области:

## 1. Урбанизам и инфраструктура

Урбанистичкото планирање и инфраструктурниот развој претставуваат клучни столбови за одржлив локален развој и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Општините имаат централна улога во изготвувањето урбанистички планови, управувањето со просторот и реализацијата на инфраструктурни проекти, кои бараат високо ниво на техничка експертиза, меѓуинституционална координација и усогласеност со законските стандарди. Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска поддршка за да им помогне на општините во изработка, ревизија и имплементација на урбанистичка и техничка документација, како и во подготовка на инфраструктурни инвестиции со цел подобра планираност, ефикасност и усогласеност со европските стандарди.

- **Општи компетенции:**
  - Одлично познавање на законската рамка од областа на урбанистичкото и просторно планирањето, стандардите за урбанистичко планирање, постапки за донесување урбанистички планови, GIS-системи, јавни консултации и управување со градежно земјиште или
  - Познавање на инфраструктурно планирање, технички стандарди за изградба, процена на трошоци и др.
- **Образование:**
  Високо образование од областа на инженерството и технологијата (градежништво и урбанизам).
- **Професионално искуство:** Најмалку 5 години искуство во областите:
  - урбанистичко и просторно планирање, изработка или ревизија на планска документација; или
  - инфраструктурни проекти, подготвување градежна документација, технички прегледи или надзор на градежни работи.
- **Практично искуство:**
  - Учество во проектни активности и обезбедување поддршка при изработка на најмалку три урбанистички или детални планови; или учество во ревизија на планска документација, учество во активности за просторно планирање, зајакнување на капацитетите на административниот кадар за просторно планирање и урбанизам и слично. Искуство во работа со единиците на локалната самоуправа ќе се смета за предност; или
  - Учество во поддршка при изработка на најмалку три инфраструктурни проекти како проектант, ревизор или надзорен инженер или во подготовка на градежна документација, или зајакнување на капацитетите на јавната администрација во областа на градежништво и инфраструктура. За предност ќе се смета работа со проектна и техничка документација, процена на

трошоци, познавање на прописите за јавни набавки во инфраструктура и технички стандарди.

## 2. Животна средина и климатски промени

Заштитата на животната средина и приспособувањето кон климатските промени претставуваат клучни приоритети во процесот на локален развој и усогласување со европските политики.

Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска поддршка за општините во подобрување на системите за мониторинг, управување со отпад, заштита на води и воздух, како и развој на политики за климатска адаптација, енергетска ефикасност и циркуларна економија.

- **Општи компетенции:**
  - Одлично познавање на законската рамка од областа за животна средина, управување со отпад, заштита на води и воздух, мониторинг и известување, одржлив развој, климатски промени и зелени политики.
  - Одлично познавање на политики и стратегии за климатски промени, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, климатско буџетирање, зелени стандарди и други области поврзани со тоа.
  - Претходно искуство/соработка со надлежни институции од областа на заштита на животната средина.
- **Образование:**
- Високо образование од областа на природни науките (екологија, животна средина, други).

- **Професионално искуство:** Најмалку 5 години искуство во областите:
  - Екологија и заштита на животна средина, подготовка и мониторинг на локални програми; или
  - Климатски промени и енергетска ефикасност, подготовка и мониторинг на локални програми.
- **Практично искуство:**
  - Учество во подготовка или спроведување на најмалку две стратегии или акциски планови за заштита на животната средина; или искуство во градење капацитети за локално стратегиско планирање; или
  - Учество во подготовка или во изработка на најмалку два акциски плана за енергетска ефикасност и климатски адаптација; или искуство во градење капацитети или развој на проекти за климатски промени и подобрување на перформансите за заштита на животната средина.

## 3. Локален економски развој

Локалниот економски развој (ЛЕР) претставува суштински сегмент на општинското управување и претпоставува создавање услови за економска активност, инвестиции и отворање нови работни места. Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска поддршка за унапредување на капацитетите на општините во подготовка на стратегии, промоција на потенцијали, реализација на проекти и развој на одржливи модели за економски раст на локално ниво.

- **Општи компетенции:**
  - Одлично познавање на законската рамка од областа на локалниот економски развој, стратегиско планирање, економски и инвестициони анализи;
  - Одлично познавање на процесите за инвестиции, маркетинг и бизнис-промоција, анализи на пазар и инвестициски потенцијали; или
  - Одлично познавање на проектен циклус, ЕУ (други донатори) програми, логичка рамка, индикатори, буџетирање, извештаи и координација со партнери.
- **Образование:**
  Високо образование од областа на општествените науки, инженерство и технологија.
- **Професионално искуство:** Најмалку 5 години искуство во областите:
  - локален развој, стратегиско планирање на локално ниво; или
  - подготовка и имплементација на проекти финансирани од ЕУ или други донатори.
- **Практично искуство:**
  - Подготовка или учество во изработка на најмалку две стратегии за ЛЕР или акциски планови за развој на општини или региони; или искуство во градење капацитети за локално стратегиско планирање; или
  - Учество во изработка на најмалку два инвестициски профила или промотивни пакети (предност доколку се за општини/региони) или анализи/извештаи за детектирање инвестициски потенцијали и соработка со бизнис-секторот. Предност ќе претставува работа со алатки за промоција, изработка на маркетиншки материјали, визуализација на податоци и водење база за инвеститори; или
  - Учество во подготовка, спроведување или мониторинг на најмалку три успешно реализирани проекти финансирани од меѓународни донатори.

## 4. Комунални услуги

Јавните комунални услуги претставуваат еден од најважните сектори на локалната самоуправа, бидејќи директно влијаат врз квалитетот на животот на граѓаните.

Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе обезбеди експертска поддршка за подобрување на ефикасноста, транспарентноста и одржливоста на јавните услуги преку едукација, анализи, развој на прирачници, алатки и стандарди.

- **Општи компетенции:**
- Одлично познавање на законската рамка од областа на комуналните услуги, комуналните системи (вода, отпад, транспорт), финансиско и организациско управување со јавни претпријатија, тарифни модели и регулативи за јавни услуги; или
- Одлично познавање на законската рамка и моделите за управување со отпад, селекција и рециклажа. Дополнително познавање и искуство во утврдување на можностите што произлегуваат од циркуларна економија, регионални решенија за отпад.
- **Образование:**
  Високо образование од областа на општествените науки, инженерство и технологија.
- **Професионално искуство:** Најмалку 5 години искуство во областите:
  - зајакнување на капацитети и поддршка на управување и работа на јавни комунални претпријатија; или
  - управување или поддршка на процесите во јавните комунални претпријатија или локални самоуправи, вклучително развој или имплементација на планови за подобрување на јавните услуги; или
  - изработка на стратегии, анализи, студии за исплатливост или предуслови за унапредување на јавните комунални системи (вода, отпад, јавен превоз, енергетска ефикасност, паркиралишта, јавни површини и слично); или
  - подготовка и реализација на проекти поврзани со модернизација или оптимизација на комуналните услуги, финансирани од ЕУ, национални институции, донатори или преку јавно-приватни партнерства;

- **Практично искуство:**
  - Практично искуство во развој, управување и оптимизација на системи и процеси во јавните комунални претпријатија, со посебен фокус на обезбедување квалитетна услуга за граѓаните. Тука е вклучено учество во изработка или ревизија на најмалку два стратегиски документа, акциски планови или оперативни процедури поврзани со управување со комунални системи (вода, отпад, транспорт, јавни површини или сообраќај). Препорачливо е искуство во изработка на прирачници или алатки за стандардизирање јавни услуги, тарифни модели или модели за унапредување на одржливоста; или
  - Учество во подготовка, спроведување или мониторинг на најмалку три успешно реализирани проекти финансирани од меѓународни донатори.

## 5. Култура, спорт и млади

Културата и спортот претставуваат основа за развој на општините преку унапредување на креативниот потенцијал, здравиот начин на живот и социјалната кохезија. Ресурсниот центар за поддршка на општините ќе обезбеди експертска поддршка за стратегиско планирање и развој на културни и спортски програми, усогласени со националните и европските политики, како и за подготовка и управување со проекти од областа на културата и спортот финансирани од ЕУ и донатори.

- **Општи компетенции:**
  - Одлично познавање на законската рамка од областа на културата или спортот и младите;
  - Одлично познавање на политиките за развој на културата, стратегиско планирање, јавна администрација, вмрежување со културни и спортски институции; или
  - Спортски менаџмент, стратегиско планирање и младинска политика;
  - Подготовка на проектни апликации, буџетирање, комуникација со донатори, тимско управување, финансиско следење.
- **Образование:**
- Високо образование од областа на општествените науки.
- **Професионално искуство:** Најмалку 5 години искуство во областите:
  - подготовка или спроведување стратегии и програми за култура; или
  - спортски менаџмент, планирање или развој на спортски програми;
  - подготвка и имплементација на проекти од областа на културата или спортот поддржани од донатори (ЕУ, УНДП и други).
- **Практично искуство:**
  - Учество во подотовка или спроведување на најмалку две стратегии, акциски планови или извештаи за развој на култура на локално или национално ниво; или
  - Учество во подготовка или спроведување на најмалку две стратегии, планови или спортски програми на локално или национално; или
  - Учество во подготовка, спроведување или мониторинг на најмалку три успешно финансирани/реализирани и спроведени проекти финансирани од меѓународни или други донатори.

## 6. Социјални услуги, заштита на деца и инклузија

Подобрувањето на квалитетот на животот и социјалната инклузија на граѓаните претставуваат основен дел од мисијата на локалните самоуправи.

Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините преку базата на експерти ќе обезбеди поддршка за развој и имплементација на локални стратегии, програми и услуги насочени кон ранливи групи и зајакнување на граѓанското учество.

- **Општи компетенции:**
  - Одлично познавање на законската рамка од областа на социјалната заштита и заштитата на деца;
  - Одлично познавање  на системот за социјална заштита, развој на програми за инклузија, заштита на децата и мониторинг и евалуација на социјални политики.
- **Образование:**
  Високо образование од областа на општествените науки.
- **Професионално искуство:** Најмалку 5 години искуство во областите:
  - социјална политика, заштита на деца, педагогија, психологија, инклузија и управување со локални социјални програми и програми за заштита на деца.
- **Практично искуство:**
  - Учество во процесите на подготовка, мониторниг или анализа на најмалку две програми или проекти за инклузија, еднаквост или социјална заштита и заштита на деца на локално или национално ниво.

## 7. Образование (предучилишно, основно и средно – локални аспекти)

Образованието е еден од клучните столбови на локалниот развој и општествената кохезија. Општините играат важна улога во унапредувањето на условите во училиштата, поддршката на воспитно-образовниот процес и развојот на инклузивни, модерни и квалитетни образовни услуги за децата и младите.

Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска поддршка во планирање активности, подготовка и управување со образовни проекти, како и за унапредување на локалните образовни политики во согласност со националните стандарди и европските практики.

- **Општи компетенции:**
  - Одлично познавање на законската рамка од областа на образованието;
  - Подготовка на проектни апликации, буџетирање и финансиско планирање, комуникација со донатори и институции, тимско управување и координација на активности, финансиско следење и известување.
- **Образование:** Високо образование од областа на општествените науки.

- **Професионално искуство:**

    - Најмалку 5 години искуство во работа, подготовка или имплементација на проекти од областа на образованието поддржани од различни национални или донаторски програми (Еразмус+, ЕУ-фондови, УНИЦЕФ и други).

- **Практично искуство:**
    - Учество во подготовка, спроведување или мониторинг на најмалку три успешно финансирани и реализирани проекти во секторот образование поддржани од меѓународни или други донатори.

## 8. Здравствена заштита

Здравствената заштита претставува клучна област за квалитетот на животот во општините, особено преку обезбедување пристапни, безбедни и интегрирани услуги за граѓаните. Општините имаат важна улога во унапредување на јавно-здравствените програми, превентивни активности, локални инфраструктурни услови и координација со примарните здравствени установи.

Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска поддршка за изработка и управување со проекти од областа на јавното здравје финансирани од ЕУ, донатори и национални фондови.

- **Општи компетенции:**
    - Одлично познавање на законската рамка од областа на здравствената заштита;
    - Подготовка на проектни апликации, буџетирање и финансиско следење, комуникација со донатори, тимско управување и мониторинг.
- **Образование:**
  Високо образование од областа на општествените науки или медицински и здравствени науки.
- **Професионално искуство:**
    - Најмалку 5 години работа во подготовка или реализација на здравствени проекти поддржани од национални или донаторски програми (СЗО, УНИЦЕФ, ЕУ).
- **Практично искуство:**
    - Учество во подготовка или имплементација на најмалку три успешно реализирани здравствени проекти.

## 9. Заштита и спасување и управување со кризи

Локалните самоуправи имаат клучна улога во подготовката, одговорот и координацијата при природни, технолошки и хуманитарни кризи. Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска поддршка за унапредување на системите за заштита и спасување, управување со кризи, одбрана и пожарникарство на локално ниво.

- **Општи компетенции:**

- Одлично познавање на законската рамка од областа на заштита и спасување, управување со кризи, одбрана и пожарникарство; или
- Одлично познавање на законската рамка од областа на управување со ризици, кризен менаџмент, стратегиско планирање и оперативна координација.

- **Образование:**
  Високо образование од областа на општествените науки (одбрана, безбедност, кризен менаџмент и други).

- **Професионално искуство:** Најмалку 5 години искуство во областа:
  - управување со кризи, безбедност или заштита и спасување; или
  - област за стратегиско планирање, анализирање и спроведување противпожарна заштита.

- **Практично искуство:**
  - Учество во подготовка, анализа или спроведување на најмалку два плана за заштита и спасување или процена на ризици; или
  - Учество во спроведување или подготовка на противпожарни планови, најмалку две спроведени анализи, документи за јавни политики или извештаи за заштита и превенција од пожари.

## 10. Јавни финансии и буџетирање

Јавните финансии се основа на стабилното и одговорно локално управување. Во оваа област експертите ќе придонесуваат за подобрување на буџетското планирање, анализа и извршување на општинските буџети, зајакнување на финансиската дисциплина и зголемување на транспарентноста на општините.

Експертската поддршка генерално ќе биде насочена кон менторска работа со општинските финансиски одделенија, развој на алатки и прирачници, поддршка во анализа и оптимизација на приходната/расходната страна, како и одржување на финансиската стабилност на општините.

- **Општи компетенции:**
  - Одлично познавање на законската рамка од областа на финансиското работење, и тоа:

  - Буџетирање, фискална анализа, финансиско управување, локални финансии, планирање приходи, контрола на расходи, транспарентност и отчетност;

  - Локални даноци и такси, финансиска анализа на приходна страна, јавни финансиски менаџмент, управување со локални бази на податоци, фискална децентрализација; или

- Внатрешна контрола, управување со ризици, ревизија, познавање ревизорски стандарди, интегритет и антикорупциски механизми; или

- Финансиска анализа, јавен финансиски менаџмент, управување со ликвидност, обврски и побарувања, управување со јавен долг, управување со ризици на локално ниво; или

- Јавна комуникација, транспарентност, визуализација на податоци, учество на граѓани во буџетирање.

- **Образование:** Високо образование од областа на општествените науки (економија и бизнис и други).
- **Професионално искуство:** Минимум 5 години искуство во областите:
    - буџетирање и јавни финансии или
    - јавен финансиски менаџмент, јавни приходи, локални финансии, даночна политика или финансиска администрација; или
    - поддршка во градење механизми за внатрешна контрола, учество во изработка на анализи или унапредување на процеси поврзани со интерна или екстерна ревизија;
    - искуство во јавна комуникација, локално буџетирање, финансиска транспарентност/отчетност на локално ниво, подготовка на граѓански буџет итн. или
    - управување со локални финансии, побарувања и управување со обврски и јавен долг.

- **Практично искуство – минимум две реализирани активности:**
    - Учество во работа на проекти и во изготвување/анализа на локални буџети, фискални анализи на локални приходи/расходи, мониторинг н локални буџети и јавни финансии, или едукација за буџетски процеси; или
    - Учество на проекти од областа на локалните финансии, особено поврзани со анализа, мониторинг на локалните приходи, искуство во подготовка на алатки, прирачници и анализа за зајакнување на локалните приходи и даночната администрација. Изготвени извештаи, анализи и стратегии за наплата на локални приходи итн.; или
    - Учество во проекти за унапредување на процесите за внатрешна контрола/внатрешна ревизија (пред сè, на локално ниво), подготовка на ревизорски планови, поддршка во подготовка на извештаи од внатрешна/ надворешна ревизија, познавање на INTOSAI или други релевантни стандарди и практики;
    - Учество во најмалку две проектни активности и процеси за изготвување граѓански буџети, организирани работилници и консултации; или

- Учество во најмалку две проекти за изготвување анализи и извештаи поврзани со управување со локални финансии, особено со локалните побарувања и обврски, зајакнување на локални капацитети за фискална одржливост и зајакнување на фискалната независност на општините; или
- Подготовка на планови и алатки за мониторинг и следење на фискалната состојба на општините итн.

## 11. Јавни набавки

Јавните набавки претставуваат една од најзначајните и најчувствителни области во локалното управување. Тие директно влијаат врз транспарентноста, ефикасноста и квалитетот на јавните услуги. Недоволната стручност, неправилните постапки или недостигот од контрола може да предизвикаат ризици од корупција и финансиски загуби. Затоа, Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска поддршка за професионализација на системот на јавни набавки, преку менторство, развој на стандарди и дигитални решенија за ефикасно и законски усогласено спроведување на постапките.

- **Општи компетенции:**
    - Одлично познавање на македонската правна рамка за јавни набавки, процеси и системот за е-набавки на Република Северна Македонија; познавање на законската рамка во процесите на јавни набавки, тендерски документации, критериуми за избор, работа со системот за е-набавки, разбирање на антикорупциски стандарди и законска усогласеност;
    - Одлични усни и пишани вештини на комуникација и презентација, чувствителност на политичкото опкружување, одлични аналитички вештини, прагматичен пристап; или
    - Одлично познавање на антикорупциските стандарди, анализа на ризици, интерна контрола и ревизорски процедури, системи за управување со интегритет.
- **Образование:**
    - општествени науки (правно, економија),
    - испит за јавни набавки и други сертификати од областа ќе се сметаат за предност.
- **Професионално искуство:** Најмалку 5 години професионално искуство во:
    - Работа на анализи, процеси и активности поврзани со јавни набавки, подготовка на тендерски документации и управување со постапки; или
    - антикорупциски практики, ревизија или мониторинг на јавни набавки.
- **Практично искуство:**

- Учество во најмалку две проектни активности, подготовка на извештаи, анализи или спроведување активности за унапредување на процесите за јавни набавки – предност се активности спроведувани на локално ниво; или
- Најмалку две проектни активности поврзани со подготовка на анализи или ревизии на постапки за јавни набавки со подготвени извештаи и препораки.

## 12. Правно-административни услуги

Правно-административните услуги се суштински за правилното и законско функционирање на општините. Оваа област ги опфаќа процесите на подготовка, усогласување и ревизија на општински акти, решенија и правилници, како и поддршка за законско постапување на градоначалниците, советите и службите. Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска правна поддршка, правни мислења и обуки со цел да се унапреди правната сигурност и отчетност во локалното управување.

- **Општи компетенции:**
  - Познавање на законската рамка за локална самоуправа, административно и управно право, процеси на донесување акти, процедури пред совет и градоначалник, способност за толкување и примена на закони и подзаконски акти; или
  - Административно управување, организација на системи за управување со документи, дигитална трансформација и јавна администрација; или
  - Подготовка на техничка документација, познавање на постапките и проектниот циклус за јавни инвестиции, анализа на изводливост, инженерски стандарди и процена на проектни ризици; или
  - Судски постапки.
- **Образование:**

  \- Високо образование од областа на општествените науки **– право;**

  **- правосуден испит и други испити и сертификати ќе се сметаат за предност.**
- **Професионално искуство:** Најмалку 5 години искуство во областите:
  - правни прашања поврзани со локалната самоуправа, управни и судски постапки; или
  - јавна администрација, административно работење, управување со документи, координација на административни процеси; или
  - подготовка и ревизија на техничка документација, проекти и студии за спроведување, мониторинг на јавни инвестиции.

- **Практично искуство:**

- Учество во најмалку две проектни активности за унапредување на законска/подзаконска легислатива релевантна за локалните самоуправи, давање правни мислења или поддршка во подготовка или ревидирање на најмалку два правни акта (одлуки, правилници, статути) релевантни за локалните самоуправи; или
- Изработка на минимум два прирачника, дигитални решенија или оптимизирани постапки во општински систем. Предност ќе се смета работа со системи за управување со документи (DMS), користење административни платформи и подготовка на електронски шаблони за акти и дозволи; или
- Учество во најмалку две проектни активности за изработка на главни проекти или студии за изводливост, анализа на трошоци и придобивки, како и поддршка при подготовка на технички и апликациски пакети за капитални проекти. Работа со локални самоуправи ќе се смета за предност, како и познавање на технички прописи и стандарди, користење алатки за анализа на економска исплатливост и управување со проектна документација.

## 13. Дигитализација и е-услуги

Дигитализацијата на локалните административни процеси е основен предуслов за ефикасна, транспарентна и достапна јавна управа. РЦЕЛС ќе понуди експертска поддршка за развој на е-услуги, дигитални архиви, заштита на податоци и интеграција на општинските системи со националните дигитални платформи, во насока на создавање модерен и функционален систем на локално управување.

- **Општи компетенции:**
    - Одлично познавање на законската рамка од областа на дигиталната трансформација;
    - Познавање на национални ИКТ-политики, управување со процеси на дигитализација, развој на е-услуги, управување со податоци и безбедност на информации.
- **Образование:**
- Високо образование од областа на природните или општествените науки и инженерство.
- **Професионално искуство:**
    - Најмалку 5 години искуство во дигитализација на јавна администрација или развој на е-услуги.
- **Практично искуство:**

- Подготвил или учествувал во најмалку два проекта за дигитална трансформација или развој на е-услуги на локално или централно ниво.

## 14. Добро управување и транспарентност

Добро управување и транспарентност претставуваат суштински темели на современата локална самоуправа. Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска поддршка за воспоставување системи за отчетност, ефикасна администрација и активно учество на граѓаните.

- **Општи компетенции:**
  - Познавање на соодветната законска рамка од областа на јавната администрација, транспарентност, антикорупција; или
  - Познавање на принципите на добро управување, отворени податоци, граѓанско учество и комуникациски практики на јавни институции.
- **Образование:**

  Високо образование од областа на општествените науки.

  **Професионално искуство:** Најмалку 5 години искуство од областа на:
  - развој на политики за транспарентност, антикорупција и јавна отчетност.
- **Практично искуство:**
  - Подготовка или учество во најмалку две иницијативи или програми за транспарентност, граѓанско учество или отворени податоци на локално или национално ниво.

## 15. Меѓуопштинска и регионална соработка

Меѓуопштинската и регионалната соработка се клучни механизми за подобрување на ефикасноста и одржливоста на локално ниво. Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините ќе понуди експертска поддршка за заедничко планирање, развој на модели за партнерство, прекугранична соработка и пристап до европски и национални фондови за регионален развој на општините.

- **Општи компетенции:**
  - Одлично познавање на законската рамка од областа на рамномерен регионален развој, меѓуопштинска соработка, модели за заеднички служби, правни акти за меѓуопштинска координација, проектен менаџмент.
- **Образование:**
  Високо образование од областа на општествените науки.

- **Професионално искуство:**
- Најмалку 5 години искуство од областа на локално управување, регионален развој или меѓуопштински иницијативи.
- **Практично искуство:** Учество во подготовка, анализа или спроведување на најмалку две проектни активности за меѓуопштинска или регионална соработка.